РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
СКОПЈЕ - SHKUP
Бр./Nr. 15-6443/4
07 MAY 2025 20 год./viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 50 од Законот за научно-истражувачка дејност дејност („Службен весник на РМ бр. 46/08, 103/08, 24/11, 80/12, 24/13, 147/13, 41/14, 145/15,154/15, 30/16 и 53/16) и (“Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 257/20, 163/21 64/24 и 235/24), и член 3 од Правилникот за начинот и постапката за финансирање на научно-истражувачки проекти односно програми („Службен весник на РМ” бр. 82/09, 149/09, 34/11 и 129/13) и Решението за објавување на Јавен оглас за избор на рецензенти бр.15-6443/3 од 07.05.2025 година, Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија, распишува:

# ЈАВЕН ОГЛАС

**за избор на рецензенти кои ќе ги рецензираат проектите по објавениот Конкурс за финансирање на научно-истражувачки проекти од посебен научен и јавен интерес за 2025 година (поддршка на соработката помеѓу академскиот и бизнис секторот во рамки на паметната специјализација)**

Министерството за образование и наука од пријавените кандидати ќе изврши избор на рецензенти, кои ќе ги рецензираат поднесените предлог - проекти по Конкурсот за финансирање на научно-истражувачки проекти од посебен научен и јавен интерес за 2025 година (поддршка на соработката помеѓу академскиот и бизнис секторот во рамки на паметната специјализација).

Рецензентите треба да бидат од редот на врвни познати и признати истражувачи со научно, односно наставно-научно звање од соодветното научно поле и научно подрачје на истражување и да имаат најмалку 7 години работно искуство во областа. Предност ќе имаат рецезенти кои имаат меѓународно искуство.

Рецензентите треба да бидат од следните области од Стратегијата за паметна специјализација во насока на дигитална и зелена транзиција:

- Паметно земјоделство и храна со повисока додадена вредност;
- Информациски и комуникациски технологии (ИКТ);
- Електро-машинска индустрија-Индустрија 4.0;
- Одржливи материјали и паметни згради;
- Енергија и
- Туризам

Избраните рецензенти, проекти ќе ги оценуваат врз основа на критериумите од т.9.2 :

- ✓ придонес во продлабочувањето и проширувањето на научните знаења
- ✓ оргиналност на целите и содржината на истражувањето
- ✓ детално разработени цели и активности од проектот со јасни и мерливи индикатори, детално разработен финансиски план за потребните средства за реализација на проектот и оправданост и реалност на трошоците во предложениот финансиски план потребни за реализација на проектот, усогласеност на планот на активности со финансискиот план;
- ✓ компетентност на главниот истражувач и компетентност и оригиналност на истражувачкиот тим,
- ✓ придонес во оспособувањето на млади истражувачи,
- ✓ релевантност на истражувањето во однос на утврдените цели, усогласеност на целите и предметот на истражување со целта и условите на овој Конкурс;
- ✓ конкурентност за меѓународна соработка,
- ✓ остварливост на предлог-проектот (веројатност во постигнување на очекуваните резултати и можности за примена на резултатите во реална временска рамка).

Заинтересираните кандидати кон пријавата задолжително треба да достават:

- доказ дека имаат повеќе од 7 години работно искуство од областа односно доказ за работа со меѓународни проекти

-изјава од рецензентот дека нема судир на интереси, нема личен интерес, нема да се стекне со материјална или нематеријална корист за него и за негови блиски лица како резултат на неговото учество во објавениот конкурс.

Во постапката за оценување рецензентите треба да се придржуваат кон професионалните и етичките норми (објективност, непристрасност и одбегнување на конфликт на интереси).

Пријавата за рецензент, се пополнува во електронска форма на порталот e-uslugi.mon.gov.mk

**Краен рок за доставување на пријавите е 16.06.2025 ( 16:30 часот)**

Некомплетни или ненавремено доставени пријави, нема да бидат разгледувани.

**Министерство за образование и наука**